# Најчесто поставувани прашања за купување уреди во А1

1. **За кого важи понудата за уреди со А1 буџет, односно субвенција?**

   Субвенција за набавка на нов уред (во понатамошниот текст: А1 буџет), добиваат корисници кои склучуваат нов или обновуваат претплатнички договор за А1 услуги на 24 месеци за тарифни модели во кои е предвиден А1 буџет. А1 буџетот за приватни корисници може да се искористи во рок од 90 дена од денот на потпишување на договорот. Цените на уредите на веб-страницата www.A1.mk, како и во продажните салони се прикажани со веќе вкалкулиран А1 буџет за препорачаниот тарифен модел. Корисникот има можност да го купи уредот онлајн или во било кое А1 продажно место, на рати или еднократно во зависност од актуелната понуда и достапните залихи.

2. **За кого важи понудата за уреди без А1 буџет?**

   Сите А1 постпејд корисници на мобилни или фиксни услуги имаат можност да набават дополнителен уред на 24 или 48 месечни рати во било кое време од времетраењето на договорот, без обврска за потпишување на нов или продолжување на претплатничкиот договор.

3. **Понуда и начин на плаќање за купување на уреди без А1 буџет**

   Понудата за уреди на рати без А1 буџет е достапна на линкот "уреди без А1 буџет" а дел од уредите се и физички изложени во А1 продажните салони. Уредите може да се купат онлајн или во било кој А1 продажен салон. Ратата за уредот се наплаќа во месечната сметка за користење на А1 услуги.

4. **Што ако имам искористено само дел од А1 буџетот при склучување на претплатничкиот договор?**

   Доколку корисникот има преостанат А1 буџет, истиот може да го доискористи во рок од 90 дена од денот на потпишување на претплатничкиот договор. Притоа, неискористениот А1 буџет може да се вкалкулира и во пресметката за купување дополнителен уред без А1 буџет.

5. **Колку дополнителни уреди можам да купам без А1 буџет?**

   Нема ограничување во бројот на уреди кои корисникот може да ги земе како дополнителни уреди без А1 буџет, но постои ограничување во однос на вкупната сума.

   А1 го задржува правото да не одобри склучување на купопродажба на уреди со одложено плаќање на рати, согласно интерните процедури и политики на компанијата.

6. **Како ќе се изврши доставата на уредите?**

Достава на уредите со поголеми димензии (пример: фрижидери, машини за перење, телевизори, клима уреди и др.) се врши од страна на соработникот на А1 кој ги обезбедува уредите, на адреса посочена од корисникот до т.н "прва врата" (влез од зграда или куќа). Доставата е бесплатна, а условите за монтажа на уредот зависат од соработникот и се достапни по избор и барање на корисникот. Уредите со помали димензии (пример: телефони, лаптопи, електрични тротинети, робот правосмукалки, прочистувачи и др.) се превземаат при самото купување на уредот во А1 продажниот салон. Сите уреди купени преку онлајн каналот на А1 се доставуваат директно на адресата на корисникот до т.н "прва врата".

7. **Каде да се обратам ако сакам да го вратам купениот уред или сакам да ја искористам гаранцијата?**

При достава на уредот, соработникот на А1 Македонија ќе му приложи на корисникот соодветна документација (гарантен лист и упатство за користење). Во случај на проблеми со користење на уредот, корисникот треба да се обрати во овластениот сервисен центар посочен на самиот гарантен лист.

8. **Што ако го раскинам договорот за услуги со А1?**

Доколку корисникот го раскине претплатничкиот договор со А1, а сѐ уште има отворен долг за преостанати рати за дополнителен уред и искористил бенефиција при купувањето, вкупниот преостанат долг ќе биде наплатен со последната А1 сметка.

9. **Дали можам да ги исплатам ратите за уред предвремено?**

Доколку корисникот има активен А1 договор за уред на рати, нема можност за предвремена исплата на долгот.